# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1113/1
14 -02- 2020

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-та седница одржана на ден 07.02.2019 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службено лице поради промена на фактичка состојба, односно службеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-2119/1 од 29.03.2019 година.

Предметот со број 09-2119/1 од 29.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2119/1 од 29.03.2019 година е оформен по анонимна пријава против службено лице, по што по проверка на наводите од пријавата, Државната комисија констатира дека пријавеното службено лице покрај функцијата член на Одбор на директори на АД, ја извршува и функцијата член на Управен одбор на ЈКП.

За надминување на констатираната повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија согласно со член 77 став 1 од истиот закон од службеното лице побара во рок од 15 дена да го отстрани судирот на интереси.

Со допис доставен од страна на службеното лице, Државната комисија на ден 15.10.2019 година е известена дека истото лице доставило оставка од функцијата член на Одбор на директори на АД до Владата на РСМ но без приемен печат од Владата на РСМ. Државната комисија повторно побара релевантен доказ во однос на неговото откажување од извршување на функцијата член на Одбор на директори на АД, по што повратно беше известена од страна на службеното лице со копија од Потврда за прием на пратка во Владата на РСМ. Исто така, Државната комисија изврши проверка преку Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ во Тековната состојба на АД и констатира дека пријавеното службено лице не ја извршува повеќе функцијата член на Одбор на директори на АД.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Покрај утврдената повреда на член 44 став 2 и 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по проверка во електронската база на Државната комисија, Државната комисија утврди дека службеното лице во законски предвидениот рок по избор за член на Одбор на директори на АД не поднел изјава за интереси до Државната комисија, по што Државната комисија му издаде прекршочен платен налог. Службеното лице во рок од 8 дена изврши уплата на глобата во вредност од 150 евра и ја извести Државната комисија за истото.

На седницата одржана на ден 07.02. 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од член 77 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за нејзино надлежно постапување поради промена на фактичката состојба, односно наведеното лице постапило по барањето на Државната комисија и во законски предвидениот рок ја отстранило состојбата на судирот на интереси со доставување на оставка до надлежен орган, како и уплата на глоба после доставен Прекршочен платен налог.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
Shkup
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIM TE KORRUPSIONIT
Republika e Maqedonisë

Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: Горан Трпеноски, член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk